РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 306/1
09.04 2025 год
ВЕЛЕС

СОУ ***„Гимназија Кочо Рацин“, Велес***

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование и (Сл.Весник на РС. Македонија бр.67/17... 229/20) Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија, објавен од Министерството за образование и наука, Училишната комисија на **СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес,** за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година, го објави следниот:

# ОГЛАС

Во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес во учебната 2025/2026 година во **I година** ќе се запишат 136 ученици во 4 паралелки **(102 ученика во 3 паралелки со настава на македонски јазик и 34 ученика во 1 паралелка со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за гимназиско образование**

**Гимназиско образование – 136 ученици, 4 паралелки, 60 поени минимум**

| | | |
|---|---|---|
| мак | 68 уч. | 2 пар. |
| алб | 34 уч. | 1 пар. |

**Гимназиско образование – 34 ученици, 1 паралелки, 60 поени минимум**

(македонско - англиска билингвална паралелка)

| | | |
|---|---|---|
| мак | 34 уч. | 1 пар. |

При пријавувањето за гимназиско образование потребно е учениците уште при самиот упис да се определат согласно своите афинитети, за соодветно подрачје и комбинација (А или Б) што ќе ја изучуваат во текот на нивното образование:

1. природно-математичко подрачје (комбинација А)
2. природно-математичко подрачје (комбинација Б)
3. општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А)
4. општествено-хуманистичко подрачје (комбинација Б)
5. јазично-уметничко подрачје (комбинација А)
6. јазично-уметничко подрачје (комбинација Б)

## Услови за запишување:

- Да имаат завршено основно образование
- Да не се постари од 17 години
- Да се определиле за план и програма за гимназиско образование
- Да ги исполнуваат критериумите утврдени со конкурсот
- Да имаат минимум 60 поени

- Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми.

Скенирано со CamScanner

## *Критериуми за избор на ученици*

- Среден успех на ученикот од VI до IX одделение максимум 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).
- Среден успех постигнат по четири предмети: мајчин јазик, странски јазик, и два предмети што се од значење за струката (максимум 20 поени - 5 поени за секој предмет)
- Дипломи за освоени (I,II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се значајни за изборното подрачје. За освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени. За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место 3 поени, за II место 2 поени и за III место 1 поен.

- Средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение максимум 5 поени.( Примерно поведение се вреднува со 5 поени, Добро поведение се вреднува со 3 поени и Незадоволително поведение се вреднува со 0 поени.Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

## *Потребни документи*

По објавувањето на прелиминарната листа, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- Пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- Оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- Дипломи (доколку има ученикот) од освоени ( I,II, III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за изборното подрачје);
- Извод од матичната книга на родените ( без оглед на датумот на издавање)

## *Конкурсни рокови*

- Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни.
- Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука на https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk

Скенирано со CamScanner

**СОУ „Гимназија Кочо Рацин", Велес**

### *ЈУНСКИ УПИСЕН РОК – I пријавување*

- **Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 14 јуни до 23:59 часот на 17 јуни 2025 година

- Прием на документи се врши на ***18 јуни 2025 година од 08.00 часот*** **до 19.00 часот и 19 јуни 2025 година од 08.00 часот до 17.00 часот.**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 20 јуни 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на огласна табла на училиштето.

### *ЈУНСКИ УПИСЕН РОК – II пријавување*

- **Второто електронско пријавување** на учениците ќе се врши на 30 јуни 2025 година од 00:00 часот до 23:59 часот.
- Доставувањето на потребната документација до училиштето е на **01 јули од 10.00 до 19.00 часот**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 2 јули 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на огласна табла на училиштето.

### АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК

-Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот уписен рок.

- Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август 2025 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

-Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 21 август 2025 година од 08.00 до до 17.00 часот.

-Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ќе се објават на 22 август 2025 година, најдоцна до 10.00 часот на огласна табла на училиштето.

**По објавувањето на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

Директор:
Илија Попов

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

Скенирано со CamScanner